Врз основа на член 96-а од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПРОСТОРОТ, ОПРЕМАТА И КАДАРОТ ПОТРЕБЕН ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ ОПТОМЕТРИЈА КАЈ ПРАВНИ ЛИЦА - СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПРОДАВНИЦИ КОИ ВРШАТ ПРОМЕТ НА МАЛО СО МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА ЗАПИШАНИ ВО РЕГИСТАРОТ НА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ПРОДАВНИЦИ ЗА МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА И КАЈ ПРАВНИ ЛИЦА - ТРГОВСКИ ДРУШТВА КОИ ВРШАТ ДЕЈНОСТ ОЧНА ОПТИКА

## Член 1

Со овој правилник се утврдуваат просторот, опремата и кадарот потребен за вршење на здравствената дејност оптометрија кај правни лица - специјализирани продавници кои вршат промет на мало со медицински средства запишани во регистарот на специјализирани продавници за медицински средства (во натамошниот текст: специјализирани продавници) и кај правни лица - трговски друштва кои вршат дејност очна оптика (во натамошниот текст: очни оптики).

## Член 2

Просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија претставува функционална целина со делот од објектот на специјализиранаата продавница или очната оптика, организиран така што се обезбедува непречено движење на пациентите од влезот на објектот до просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија.

## Член 3

Здравствената дејност оптометрија се врши во деловен простор, како посебен дел во рамките на објектот на специјализиранаата продавница или очната оптика, без посебен надворешен влез.

Просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија е функционално поврзан со делот од објектот во кој се врши дејноста на специјализиранаата продавница или очната оптика и видно разграничен од тој дел со ознака со натпис „Оптометрија".

## Член 4

Просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија е изграден од материјал кој обезбедува звучна и топлотна изолација, изолација од влага и е опремен со неопходни инсталации (водовод, канализација, електрична енергија, греење, телефон и друго).

Ако не постои можност за вклучување во постојните инфраструктурни мрежи, во просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија се обезбедуваат сопствени постројки, апарати и мрежи за водовод, канализација, електрична енергија и греење.

Во просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија се обезбедува постојано еднаков напон на електрична енергија според пропишаните стандарди.

**Член 5**

Во зависност од условите во однос на пристапноста и од градежната конструкција на објектот на специјализираната продавница или очната оптика, како и од начинот на организираноста на просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија во рамките на тој објект, се обезбедува соодветна хоризонтална и вертикална комуникација за движење на инвалидски колички, како и соодветни критериуми во однос на широчината и височината на различните отвори (врати, прозорци и лифтови).

**Член 6**

Висината на подните површини до меѓукатните конструкции во просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија изнесува најмалку 250 см., а ѕидните и подните површини се изработени од материјал, кој е отпорен на влага и може хигиенски лесно да се одржува.

Просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија е обезбеден со здравствено исправна проточна студена и топла вода.

**Член 7**

Просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија е обезбеден со технички уреди, опрема и средства за гаснење пожари.

**Член 8**

Просторот за вршење на здравствената дејност оптометрија е поделен на два дела, со вкупна површина од најмалку 24 $м^2$, од кои:

- дел за одредување рефракција и пружање оптометриски услуги со површина од најмалку 15 $м^2$;
- чекална со пулт со површина од најмалку 9 $м^2$.

Делот за одредување рефракција и пружање на оптометриски услуги е посебна просторија во однос на чекалната со пулт.

**Член 9**

За вршење на здравствената дејност оптометрија се обезбедува најмалку следната опрема:

- биомикроскоп;
- рефракто-кератометар (автоматски или мануелен);
- офталмоскоп;
- пробен сет или фороптер;
- работна маса;
- компјутер;
- столчиња за оптометристот и за пациентот за потреби на одредувањето на рефракцијата;
- закачалка;
- две столчиња за пациенти во чекалната со пулт.

**Член 10**

За вршење на здравствената дејност оптометрија се обезбедува најмалку еден здравствен работник со високо стручно образование со стекнати 180 кредити според

ЕКТС од областа на оптометријата и очната оптика, со положен стручен испит, со заснован работен однос на неопределено време со полно работно време.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на веб страницата на Министерството за здравство.

бр. 11-4574/1
16-05-2016 2016 година
Скопје

**МИНИСТЕР**
**Никола Тодоров**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ